**Потребни документи за стекнување на статус на повластен производител**

| Бр. | Документ | Рок на издавање | Институција |
|---|---|---|---|
| 1. | **Решение за регистрација на фирма** | Решението за упис во регистарот се издава во рок од 5 дена од денот на поднесување на пријавата за упис. | Централен регистар на Република Македонија |
| 2. | **Изработка на предфизибилити студија** | / | Консултантска куќа |
| 3. | **Изготвување на студии или елаборат за влијание врз животната средина** | / | Приватни лиценцирани правни субјекти |
| 4. | **Барање за одобрување на елаборатот за спроведувањето на проектот** | Барањето за одобрување на елаборатот се издава во рок од 15 дена. | -Министерство за животна средина и просторно планирање,<br>-градоначалник на општината,<br>-градоначалник на градот |
| 5. | **-Доказ за сопственост на градежно земјиште, или<br>-доказ за право на долготраен закуп на градежното земјиште, или<br>-договор за концесија или акт за заснована комунална - техничка службеност, или<br>-друг доказ за стекнато право на градење** | / | Општината на која припаѓа локацијата |
| 6. | **Барање за одобрение за градба** | Надлежниот орган е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали истата е комплетна.<br><br>Одобрението за градење се издава во рок од пет работни дена од составување на доказ за платен надоместок за уредување на градежно земјиште. | Градоначалник на општината или на градот/Министерство за транспорт и врски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | **Барање за решение за согласност за приклучок на дистрибутивниот систем** | 15 дена за стандарден приклучок | ЕВН |
| | | 60 дена за нестандарден приклучок | |
| 8. | **Овластување за изградба на енергетски објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со номинална моќ над 10MW** (до 10 MW не е потребно овластување за изградба на објект ) | Ако Комисијата утврди дека барањето за овластување не е целосно, во рок не подолг од 15 дена од денот на објавување на барањето во „Службен весник на Р.М", ќе предложи на Министерството, односно на градоначалникот да го задолжи подносителот да ја комплетира документација. | Комисија за спроведување на постапка за доделување на овластување за објекти |
| | | Министерот, односно градоначалникот во рок од најмногу 7 дена, со заклучок ќе го задолжи барателот да ја комплетира документацијата во рок што не може да биде покус од 15 дена од денот на приемот на заклучокот. | |
| | | Ако подносителот на барањето не ја комплетира документацијата во определениот рок, Владата на Република Македонија на предлог на министерот, односно Советот на единицата на локалната самоуправа на предлог на градоначалникот, ќе донесе одлука за запирање на постапката. | |
| | | Владата на Република Македонија, на предлог на министерот, во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето, ќе донесе одлука за издавање или одбивање на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или реконструција на постојни објекти за производство на електрична енергија. Владата на Република Македонија пред донесување на одлуката ќе побара мислење од Регулаторната комисија за енергетика. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | **Времена лиценца** | Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 7 дена од денот на приемот  на барањето, на барателот ќе му издаде времена лиценца за работа на енергетски објект што влегува во пробна работа. | Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија |
| 10. | **Одобрение за употреба на градба** | Во случај на непотполно барање надлежниот орган е должен во рок од 7 дена од приемот на барањето да побара дополнување. | Градоначалник на општината на чија територија се наоѓа градбата |
| | | Техничкиот преглед на градбата го врши комисија од општината во рок од 15 дена од денот на поднесување на потполно барање. | |
| | | Одобрение за употреба за градбата се издава во рок од 15 дена од денот на извршениот технички преглед. | |
| 11. | **Ставање под напон на објектот на барателот на приклучок** | 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за ставање под напон. | ЕВН |
| 12. | **Лиценца за вршење на енергетска дејност** | Регулаторната комисија за енергетика на Р.М е должна во рок од 8 работни дена од добивање на барањето да укаже на недостатоците. | Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија |
| | | Ако има формални недостатоци ќе донесе заклучок со кој ќе определи рок кој неможе да биде подолг од 15 дена за отстранување на недостатоците. | |
| | | Ако барањето нема формални недостатоци донесува заклучок со кој барателот го задолжува во рок од 3 работни дена да подготви и достави Известување за барањето. | |
| | | Барателот е должен во рок од 5 дена од денот на добивање на одобрување за Известувањето за барањето да го објави во дневни весници. | |
| | | Во рок не подолг од 50 дена од денот на отпочнувањето на постапката Регулаторна комисија закажува подготвителна седница. | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во рок не подолг од 10 дена од денот на завршувањето на подготвителната седница, се одржува редовна седница на која се донесува одлука за издавање на лиценца која се објавува во Службен весник на Република Македонија. | |
| 13. | **Привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија** | Доколку се утврди дека за барањето не е доставена потребната документација, во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето ќе донесе заклучок со кој се утврдува дека барањето е некомплетно. | Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија |
| | | Доколку Регулаторната комисија за енергетика утврди дека документацијата е комплетна и нема недостатоци ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок не подолг од 25 дена од денот на приемот на барањето. | |
| | | Најдоцна во рок од 5 дена од денот на завршувањето на подготвителната седница, ќе одржи редовна седница на која ќе донесе привремено решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија. | |
| 14. | **Решение за упис во Регистарот на електроцентрали кои користат обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија** | Ако се утврди дека барањето не е целосно, Агенцијата ќе го извести подносителот и ќе побара од него да ја комплетира документација во рок не покус од 30 дена од денот на доставување на известувањето. Доколку подносителот не ја комплетира потребната документација во определениот рок, Агенцијата ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето како нецелосно. | Агенција за енергетика на Република Македонија |
| | | Ако се утврди дека нема пречки за упис во регистарот, Агенцијата во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето ќе донесе решение за упис во Регистарот на електроцентрали и електроцентра- | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | лата ќе ја запише во Регистарот. | |
| | | Агенцијата во рок не подолг од 3 работни дена по запишувањето на Регистарот, на производителот му го доставува решението кое ги содржи податоците од регистарскиот лист. | |
| | | По приемот на целосно барање, односно комплетирање на документацијата за упис во Регистарот на електроцентрали, Агенцијата врши преглед на електроцентралата за која се бара упис, во рок не подолг од 15 дена. | |
| 15. | **Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија** | Рокот на издавање на решението е 60 дена. | Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија |
| 15а. | **Потврда дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталирана моќност** | Агенцијата за енергетика ја издава потврдата во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесување на барањето на Регулаторна комисија за енергетика. | Агенција за енергетика на Република Македонија |
| 16. | **Договор за откуп на електрична енергија** | Операторот на пазарот на електрична енергија е должен, во рок не подолг од 30 дена од денот на поднесување на барањето на повластениот производител, да го склучи договорот за откуп на електричната енергија, а со важност од денот на влегувањето во сила на решението за стекнување на статус на повластен производител издадено од Регулаторната комисија за енергетика. | Оператор на пазарот на електрична енергија |